Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), („Сл. Весник на Република С. Македонија" бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Министерство за транспорт, на ден __________ година, донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

За планскиот документ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10MW, КО К'ШАЊЕ, КО ПЕЗОВО И КО КОКОШИЊЕ, ОПШТИНА КУМАНОВО И КО ГОРНО ЃУЃАНЦИ, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ што се усвојува од страна на Владата на Република Северна Македонија, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10MW, КО К'ШАЊЕ, КО ПЕЗОВО И КО КОКОШИЊЕ, ОПШТИНА КУМАНОВО И КО ГОРНО ЃУЃАНЦИ, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, се определуваат: Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Агенција за планирање на просторот, Општина Свети Николе, Државен инспекторат за животна средина, регионални и локални невладини организации, локални бизнис заедници и стопанските комори, локални земјоделци и земјоделски здруженија итн.

За планскиот документ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10MW, КО К'ШАЊЕ, КО ПЕЗОВО И КО КОКОШИЊЕ, ОПШТИНА КУМАНОВО И КО ГОРНО ЃУЃАНЦИ, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ чија изработка е одговорно Министерството за транспорт и што се усвојува од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт, усвојувањето на планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10MW, КО К'ШАЊЕ, КО ПЕЗОВО И КО КОКОШИЊЕ, ОПШТИНА КУМАНОВО И КО ГОРНО ЃУЃАНЦИ, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ се очекува да има влијание врз животната средина.

Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: идентификација на можните влијанија врз медиумите и областите на животната средина: воздух, површински и подземни води, почва, бучава, управување со отпад, природа и биолошка разновидност, климатски промени, здравје на луѓето и социо- економски аспекти. Во извештајот треба да се предвидат мерки за надминување на сите идентификувани влијанија, како и да се утврдат мерки за следење на влијанијата.

Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на интернет страната на Министерството за транспорт, www.mtc.gov.mk.

Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 07-1413/7

Датум: 10. 09. 2026

Место: Скопје

МИНИСТЕР

АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ * СКОПЈЕ